Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-1-2016

## Резиме


- **БДП** во К-1-2016 во однос на истиот квартал на 2015 година забележа **реален раст** од 2,0%, придвижен од растот на извозот и потрошувачката;
- **Бројот на вработени** во К-1-2016 е повисок за 2,5% во однос на истиот квартал во 2015 година. **Бројот на невработени** се намали за 11,7%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-1-2016 на 24,5%;
- **Стапката на инфлација** во К-1-2016, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,1% во однос на истиот квартал во 2015 година;
- Просечната **бруто-плата** во К-1-2016 изнесува 32.369 денари и бележи раст од 2,6% на номинална основа, односно раст од 2,7% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-1-2015;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-1-2016 се повисоки за 7,4%, а вкупните **буџетски расходи** за 4,9% споредено со истиот квартал во 2015 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-1-2016 се зголеми за 0,1% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-1-2016 бележи раст од 0,1% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во март 2016 година се намали за 2,8% во однос на декември 2015 година. Вкупниот промет остварен на берзата во К-1-2016 регистрираше пад од 43,8% споредено со претходниот квартал;
- Во К-1-2016 е забележан раст на **извозот** од 5,7% и на **увозот** од 3,7% на годишна основа, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 4,5%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

**БДП** во К-1-2016 во однос на истиот квартал од 2015 година забележа реален раст од 2,0%. Номиналниот раст на БДП во К-1-2016 изнесува 8,7% на годишна основа, со што БДП дефлаторот изнесува 6,6%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-1-2016 позитивни остварувања забележаа повеќе дејности. Градежништвото продолжи со поволните движења во К-1-2016 и забележа раст од 7,7%. Земјоделството забележа раст од 3,2%, по падот од 0,7% во 2015 година. Растот на услужниот сектор во К-1-2016 изнесува 2,7%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност има секторот Трговија, транспорт и угостителство, каде што е забележан раст од 5,7%, следен од секторите: Финансиски и дејности на осигурување (13,3%), Стручни, научни, технички и административни дејности (11,7%), Дејности во врска со недвижен имот (2,2%) и Информации и комуникации (0,2%). Пад забележаа секторите Јавна управа и одбрана, образование и здравство (1,3%) и Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (17,3%). Индустријата во К-1-2016 забележа пад од 3,4%, во услови на пад на преработувачката индустрија од 7,0%.

Согласно месечните податоци за индустриското производство, во К-1-2016 **индустријата** забележа раст од 10,7% на годишна основа, кој се должи на остварените позитивни движења кај: преработка на дрво и производи од дрво и плута (226,0%), производство на моторни возила (95,9%), производство на машини и уреди (48,4%), производство на останата опрема за транспорт

Графикон 1.2. Годишна стапка на раст на индустриското производство; Извор: ДЗС



(34,0%), производство на компјутерски, електронски и оптички производи (29,8%), производство на други неметални минерални производи (24,2%), производство на текстил (22,5%), вадење јаглен и лигнит (21,1%), производство на производи од гума и пластични маси (19,8%), производство на фабрикувани метални производи (13,3%), поправка и инсталирање машини и опрема (12,9%), производство на електрична опрема (10,0%), производство на прехранбени производи (9,2%), производство на кожа (9,2%), производство на пијалаци (9,1%), производство на фармацевтски производи и препарати (4,4%) и вадење други руди и камен (1,3%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 17 гранки, кои сочинуваат 57,9% од индустриското производство.

Пад во индустријата е остварен кај: производство на хемикалии и хемиски производи (28,0%), производство на мебел (27,2%), производство на метали (13,3%), печатење и продукција на снимени медиуми (12,6%), вадење руди на метал (9,7%), снабдување со електрична енергија и гас (7,0%), производство на облека (3,6%), производство на хартија и производи од хартија (1,5%), производство на тутунски производи (1,2%) и останата производствена индустрија (8,1%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-1-2016 економскиот раст се должи на растот на извозот и потрошувачката. Извозот на стоки и услуги забележа раст од 14,7% на реална основа, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка. Увозот на стоки и услуги забележа скоро двојно понизок раст од извозот, односно раст од 7,6% на реална основа, со што нето-извозот има позитивен придонес кон економскиот раст.

Финалната потрошувачка забележа реален раст од 3,6%, како резултат на растот на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка забележа раст од 3,5%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите, а беше поддржана и преку поголемо кредитирање на домаќинствата. Растот на јавната потрошувачка изнесува 4,2%. Бруто-инвестициите забележаа пад од 9,1% на реална основа и покрај солидниот раст на градежната активност и растот на увозот на капитални добра, како индикативни показатели за растот на инвестициите во основни средства.

Позитивните движења на **пазарот на трудот** продолжија и во К-1-2016. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 2,5% во однос на истиот квартал во 2015 година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 11,7%. Бројот на активно население забележа пад од 1,4%.

Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-1-2016 да се намали на 24,5%, односно за 2,8 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на К-4-2015 таа е пониска за 0,1 п.п.. Стапката на вработеност во К-1-2016 изнесува 42,6% и во однос на истиот квартал 2015 година е повисока за 1,0 п.п.. Активното население претставува 56,4% од вкупното работоспособно население, кое е намалено за 0,9 п.п. во споредба со истиот квартал 2015 година.

Графикон 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата** во К-1-2016, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,1% во однос на истиот квартал 2015 година, по падот од 0,4% забележан во претходниот квартал. Падот на потрошувачките цени во К-1-2016 е резултат на намалените цени во категориите: Транспорт од 3,7%, Комуникации од 1,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,0% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,9%. Највисок раст на цените во К-1-2016 е регистриран во категоријата Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 4,3%, следен од категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Рекреација и култура од по 3,7%, Здравје од 2,0%, Ресторани и хотели од 1,6%, Облека и обувки од 1,1%, Образование од 0,4% и Останати стоки и услуги од 0,8%.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-1-2016 споредено со истиот квартал 2015 година забележаа намалување од 0,5%, по падот од 0,8% забележан во претходниот квартал. Падот на

цените на мало во овој период се должи на намалените цени на стоките од 0,7% и на услугите од 0,1% на годишна основа. Во рамките на категоријата Стоки, падот на цените на земјоделските производи изнесува 4,7%, а на индустриските производи 0,3%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 1,4%, а кај останатите групи производи е забележано зголемување на цените. Така, малопродажната цена на тутунот е повисока за 5,5%, на прехранбените индустриски производи за 0,9%, а на пијалаците за 0,8%.

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




Просечната месечна **нето-плата** во К-1-2016 изнесува 22.040 денари и е за 2,8% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал 2015 година. На реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 2,9%. Просечната месечна **бруто-плата** изнесува 32.369 денари и бележи раст од 2,6% на номинална основа, односно раст од 2,7% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-1-2016 е намалена за 0,5%, како резултат на понискиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата.

## 3. Фискален сектор

Во К-1-2016 беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 7,4% во однос на истиот квартал од 2015 година, придружено со позабавено зголемување на буџетските расходи за 4,9%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-1-2016 да изнесува 5.635 милиони денари или 4,0% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 5.105 милиони денари, односно 3,6% од кварталниот БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 28,7% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 7,4% споредено со истиот квартал во 2015 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи за 8,1%, повисоките придонеси за 6,0%, додека неданочните приходи забележаа намалување од 9,1%. Притоа, кај даночните приходи повисока наплата беше забележана кај персоналниот данок на доход, данокот на додадена вредност и

царинските давачки, додека кај данокот на добивка и акцизите беше реализирана пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 49,3% од вкупните даночни приходи и во К-1-2016 се повисоки за 25,6% споредено со истиот квартал 2015 година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Приходите од акцизи се пониски за 1,1% споредено со истиот квартал 2015 година.

Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 9,1%, додека приходите од данокот на добивка се пониски за 26,1% во однос на истиот квартал 2015 година, при што треба да се има предвид дека намалувањето кај овој данок главно е резултат на намалувањето на доплатите по даночни биланси.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-1-2016;
Извор: МФ




Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го намалија своето учество во БДП за 1 п.п. (4,3% од кварталниот БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано поголемо остварување на учеството во БДП за 0,9 п.п., односно учество од 12,3% од БДП во К-1-2016. Индиректните даноци во првиот квартал од 2016 година забележуваат зголемување од 16,9%, додека директните даноци намалување од 10,9% во однос на К-1-2015.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 6,0%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 6,1%, кај придонесите за здравствено осигурување од 5,7% и кај придонесите за вработување од 6,0%.

Неданочните приходи, кои претставуваа 2,1% од кварталниот БДП, беа реализирани за 9,1% помалку во однос на истиот квартал во 2015 година. Капиталните приходи, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-1-2016 беа околу 3 пати повисоки споредено со К-1-2015, а приходите по основ на донации од странство за 4,0%.

Во К-1-2016 вкупните буџетски расходи, со учество од 32,7% во кварталниот БДП, забележаа раст од 4,9% споредено со истиот квартал 2015 година. Тековните расходи, кои претставуваа 30,5% од кварталниот БДП, забележаа учество од 93,2% во вкупните расходи и беа реализирани за 7,9% повеќе на годишна основа.

Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 8,4% помалку, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 6,4% во однос на истиот квартал минатата година. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 68,0% во вкупните расходи, беа реализирани за 11,4% повеќе во споредба со истиот квартал 2015 година. Социјалните трансфери забележаа раст од 12,3% и учествуваа со 48,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 13,3% и забележаа учество од 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, што ги вклучува трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,8%, односно забележа зголемување од 10,1% споредено со истиот квартал во 2015 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 1,4%, додека субвенциите и трансферите беа реализирани за 18,2% повеќе.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 6,7% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 9,9%, а каматните расходи за странскиот долг се намалени за 3,1%.

Капиталните расходи кои претставуваа 2,2% од кварталниот БДП, се пониски за 24,2% споредено со истиот квартал минатата година и остварија учество од 6,8% во вкупните расходи.

Вкупниот државен долг на крајот на К-1-2016 изнесуваше 36,8% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 1,2 п.п. во однос на К-4-2015. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-4-2015, беше намалено за 1,0 п.п. и изнесуваше 59,7% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше зголемено на 40,3% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ



# 4. Монетарно-финансиски движења

Во првиот квартал од 2016 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во март 2016 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[1] во К-1-2016 регистрираа раст на квартална основа од 0,3% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 1,4%), како резултат на зголемувањето на вкупната ликвидност на банките од 3,4%, додека готовите пари во оптек се намалија за 2,6%. Во однос на К-1-2015, примарните пари се зголемија за 7,6% (во К-4-2015 беше регистриран раст од 0,6%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,2% и раст на вкупната ликвидност на банките од 5,1%.

Во К-1-2016 најтесната парична маса **М1** забележа намалување од 1,8% во однос на претходниот квартал. **Монетарниот агрегат М2** забележа пад од 0,7%, а најширокиот **монетарен агрегат М4** се намали за 0,1%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




**Вкупниот депозитен потенцијал**[2] на банките во К-1-2016 се зголеми за 0,1% на квартална основа, за разлика од претходниот квартал кога депозитниот потенцијал се зголеми за 4,6%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,1%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити се намалија за 0,7%, додека девизните депозити се зголемија за 1,2%. Степенот на евроизација е зголемен за 0,5 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно изнесува 40,7%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-1-2016, споредено со претходниот квартал, се зголеми и изнесува 27,2% (во К-4-2015 изнесуваше 26,7%), како резултат на зголемувањето на

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

долгорочните депозити за 1,8% во однос на претходниот квартал. Краткорочните депозити во анализираниот период забележаа раст од 0,1%.

**Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-1-2016 забележа квартално зголемување од 0,1% (наспроти растот од 4,2% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 2,5% додека кредитите кон приватните претпријатија се намалија за 1,9%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-1-2016, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 0,8%, додека девизните кредити регистрираа пад од 2,8%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-1-2016 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,5%, а краткорочните кредити се намалија за 4,5%.

Каматните стапки во К-1-2016 забележаа надолни поместувања на квартална основа. **Каматната стапка** на денарските кредити во К-1-2016 изнесува 6,7% и е намалена за 0,2 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-1-2016 изнесува 5,6% и е намалена за 0,2 п.п во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-1-2016 регистрираше намалување на квартална основа од 0,1 п.п. и истата изнесува 2,5%. Каматната стапка на девизните депозити остана непроменета на квартално ниво и изнесува 1,1%.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки;
Извор: НБРМ




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-1-2016 изнесува 6,2%, а на новоодобрените девизни кредити 5,2%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2% и 1,1% соодветно.

На **пазарот на капитал** во К-1-2016 се забележа пад на вкупниот промет на берзата за 43,8% во споредба со претходниот квартал, што се должи на намалениот промет од блок трансакциите за 83,5%, како и на падот на класичното тргување за 13,6%. Во однос на истиот квартал претходната година, вкупниот промет забележа пад од 3,3%, во услови на намалување на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 2,2% и 10,3%, соодветно.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на првиот квартал изнесуваше 1.781,03 индексни поени, што претставува пад од 2,8% во однос на декември 2015 година, додека во однос на март 2015 година индексот е повисок за 1,5%.




# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-1-2016 вкупната надворешно-трговска размена со странство изнесува 2.339,3 милиони евра и бележи раст од 4,5% во однос на истиот квартал 2015 година.




Во К-1-2016 **извозот** на стоки изнесува 983,2 милиона евра и во однос на К-1-2015 е забележан раст од 5,7%, додека во однос на претходниот квартал пад од 6,8%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-1-2016 во однос на истиот квартал минатата година се забележуваат кај:

- o машини и транспортни уреди за 29,7% (во чии рамки раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 37,6% или 29,3 милиони евра; индустриски машини и делови за 18,3% или 18,4 милиони евра и друмски возила за 66,8% или 17,1 милион евра);

- хемиски производи за 25,4% (хемиски материи и производи за 29,2% или 48,7 милиони евра);
- производи за храна за 18,1% (овошје и зеленчук за 56,2% или 11,6 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 31,1% (во чии рамки категоријата железо и челик забележа пад од 42,6% или 59,3 милиони евра);
- разни готови производи за 1,4% (облека за 8,9% или 11,5 милиони евра);
- суровини освен гориво за 17% (метална руда и отпадоци од метал за 23,3% или 9,5 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 10,4% (тутун и производи од тутун за 21,5% или 5,2 милиона евра);
- минерални горива и мазива за 13% (нафта и производи од нафта за 28,5% или 1,7 милиони евра).

Во К-1-2016, гледано по **економска намена**, најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (45,2%), по која следуваат: стоки за широка потрошувачка (17,5%), производи за инвестиции без транспортна опрема (15,1%), транспортна опрема (12,6%), храна и пијалаци (8,6%) и горива и мазива (0,9%).

**Увозот на стоки** во К-1-2016 изнесува 1.356,2 милиона евра и е зголемен за 3,7% во однос на К-1-2015, додека во однос на претходниот квартал е забележан пад од 14,9%.

Анализирано по **сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-1-2016 во однос на К-1-2015 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 1% (во чии рамки раст забележаа категориите: изработки од неметални минерали за 72,3% или 28,5 милиони евра и предиво, ткаенини и текстилни производи за 8,8% или 7,4 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 25,5% (електрични машини, апарати и делови за 33,5% или 22,9 милиони евра; друмски возила за 43,1% или 21,3 милиони евра);
- хемиски производи за 6,5% (хемиски материи и производи за 61,7% или 17,1 милион евра);
- разни готови производи за 26% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 44,3% или 4,2 милиона евра и облека за 19,4% или 2,8 милиони евра);
- производи за храна за 5,3% (жита и преработки од жита 18% или 3 милиони евра; шеќер, преработки од шеќер и мед за 20,5% или 1,7 милиони евра и кафе, чај, какао, зачини и производи од истите 11,4% или 1,6 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 23,8% (тутун и производи од тутун за 30,6% или 1,8 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- минерални горива и мазива за 25,2% (во чии рамки пад бележат категориите: нафта и производи од нафта за 23% или 20,5 милиони евра; гас природен и индустриски за 33,1% или 11 милиони евра и електрична енергија за 26,3% или 9,8 милиони евра);
- суровини освен гориво за 38,6% (метална руда и отпадоци од метал за 69,2% или 20,8 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-1-2016 најголемо учество во увозот има категоријата стоки за индустриски набавки (48,5%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (13,2%), стоки за широка потрошувачка (11,3%), храна и пијалаци (10,2%), горива и мазива (8,8%) и транспортна опрема (7,8%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-1-2016
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Во К-1-2016, надворешно-трговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ 28) е зголемена за 8,7% во однос на К-1-2015, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 71,7% и е зголемено за 2,7 п.п. споредено со првиот квартал во 2015 година. Притоа, во К-1-2016 извозот на стоки учествува со 82,8%, а увозот на стоки со 63,7%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-1-2016 **тековната сметка** на билансот на плаќања оствари суфицит од 0,4 милиони евра, односно 0,02% од БДП[3], наспроти дефицитот од 2,2% од БДП забележан истиот квартал минатата година.

Анализирано на годишна основа, салдото на тековната сметка во К-1-2016 е подобрено за 46,9 милиони евра, што се должи на намалениот дефицит на сметката на стоки за 4,4%, зголемениот суфицит на сметката на секундарен доход

[3] Во пресметката е користен проценет БДП за првиот квартал на 2016 година, објавен од Државниот завод за статистика.

за 8,9% и повисокиот суфицит на сметката на услуги за 5,7%. Спротивно влијание имаше продлабочувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 12,6%.




Во К-1-2016, во услови на поголем раст на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво забележа стеснување за 18,6 милиони евра и изнесува 17,8% од кварталниот БДП, кој е за 2,4 п.п. понизок од дефицитот остварен во истиот квартал на 2015 година.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-1-2016 изнесува 114,4 милиони евра и во однос на истиот квартал лани е зголемен за 6,2 милиона евра.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К-1-2016, во однос на истиот квартал во 2015 година е зголемена за 0,6 п.п. и изнесува 109,2% од кварталниот БДП.




Сметката на **примарен доход** во К-1-2016 забележа дефицит од 60,4 милиони евра и на годишно ниво забележа продлабочување за 6,8 милиони евра.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-1-2016 изнесува 354,1 милион евра и е зголемен за 28,9 милиони евра на годишно ниво. Растот се должи на зголемувањето на приватните[4] и на официјалните[5] нето-трансфери, и тоа приватните трансфери се зголемени за 13,1 милион евра, кои во сметката на секундарен доход учествуваат со 91%, а официјалните за 15,8 милиони евра.

[4] Под приватни трансфери се подразбираат трансферите на секторот Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени ставките Лични трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и Останати

Салдото на **капиталната сметка** во К-1-2016 изнесува 2,1 милион евра и во однос на истиот квартал лани е зголемено за 0,3 милиони евра, што во најголем дел се должи на зголемениот прилив на капитални трансфери.

**Нето-кредитирањето**[6] на земјата во К-1-2016 изнесува 2,5 милиони евра и на годишно ниво е зголемено за 47,3 милиони евра.

**Директните инвестиции** во земјата во К-1-2016 изнесуваат 58,7 милиони евра и во однос на К-1-2015 се намалени за 8,3% или за 5,3 милиони евра. Приливот на директни инвестиции во овој период е по основ на сопственички капитал и реинвестирање на добивката.

Графикон 5.5. Странски директни инвестиции во земјата;
Извор: НБРМ и пресметки на МФ




**Портфолио инвестициите** во К-1-2016 изнесуваат 8,3 милиони евра, што претставува подобрување на салдото за 19,8 милиони евра во однос на К-1-2015.

**Останатите инвестиции** во К-1-2016 изнесуваат 39,7 милиони евра и се намалени за 185,7 милиони евра споредено со К-1-2015. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 59,7 милиони евра, трговските кредити 36,3 милиони евра, додека заемите бележат негативно салдо од 56,2 милиона евра.

**Девизните резерви** на крајот од првиот квартал во 2016 година изнесуваат 2.266 милиони евра и се намалени за 3,8% во однос на истиот квартал 2015 година. Девизните резерви на крајот на К1 обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период од 4,5 месеци, што претставува адекватно ниво на резерви.

---

тековни трансфери.

[5] Под официјални трансфери се подразбираат трансферите на секторот Држава.

[6] Нето-кредитирањето (+) односно нето-задолжувањето (-) претставува збирна ставка од тековната и капиталната сметка.